Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 307//0306
22.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 04.07.2025 година, врз основа на примена жалба од **политичката партија ВМРО-ДПМНЕ,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Мицкоски ги обвини гневните родители од Кочани дека правеле политичко движење“, о**бјавен од интернет порталот – онлајн медиум Независен.мк (nezavisen.mk) на 08.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 08.06.2025 г., упати жалба за текстот со наслов **„Мицкоски ги обвини гневните родители од Кочани дека правеле политичко движење“, о**бјавен од интернет порталот – онлајн медиум Независен.мк (vecer.mk) на 08.06.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислења, вест и коментар, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „премиерот Христијан Мицкоски не ги обвини родителите од Кочани дека правеле политичко движење. Тој зборуваше за познатите случаи на злоупотреби на трагедии од страна на СДСМ, предупредувајќи за манипулациите на тема Кочани. Исто така се осврна и на наративите кои се градат од некои луѓе во пресрет на локалните избори, кои на бранот на трагедијата зборуваат за реализирани и нереализирани предизборни ветувања - што е политичко делување. Насловот е тенденциозен и наведувачки, но најважно - неточен“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој во целост се отфрлаат наводите од жалбата, а истата се квалификува како политички притисок врз медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Мицкоски ги обвини гневните родители од Кочани дека правеле политичко движење“, **о**бјавен од интернет порталот – онлајн медиум Независен.мк (vecer.mk) на 08.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што  не е прекршенниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за вест во која се цитира и се анализира говорот на премиерот Христијан Мицкоски од јавен настан на неговата партија ВМРО-ДПМНЕ, а кој се однесува во еден дел на настаните од Кочани и начинот на кој се одвиваат протестите на родителите на жртвите од дискотеката Пулс.

Комисијата утврди дека медиумот известил за настанот и ги пренел ставовите на Мицкоски. Во еден дел и со цитат:
„Таму гледаме полека како едно граѓанско движење за поддршка на Кочани преминува во политичко движење. Од поддршка на ужасите жртвите од ужасниот хорор во Кочани говорат за катни гаражи, водоводи, канализации, исполнети неисполнети ветувања...“

Овој цитат, без оглед што се разликува од оригиналниот цитат во еден интерпункциски знак („Таму гледаме полека како едно граѓанско движење за поддршка на Кочани преминува во политичко движење, каде од поддршка на ужасните жртви од ужасниот хорор во Кочани, говорат за катни гаражи, водоводи, канализации, исполнети, неисполнети ветувања и се така по ред во духот на локалните избори.“), суштински е содржан во насловот на веста. Поточно, насловот на веста одговара на суштината на текстот, односно на делот од кажаното и цитираното од премиерот Мицкоски.

Иако некои членови на Комисијата сметаа поинаку, за мнозинството, првиот дел од реченицата на премиерот – „гледаме како полека едно граѓанско движење... преминува во политичко“ – е де факто насочено кон родителите и другите најблиски роднини на жртвите, бидејќи тие го организираат и го спроведуваат се уште активниот граѓански протест. Во ниту еден дел од изјавата на премиерот не се посочува дека не се родителите, туку некои лица во рамки на движењето кои, според Мицковски, го политизираат.

Од тука, Комисијата сметаше дека нема прекршување на Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство од гласовите одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис и Димитар Мицев. Жана Божиновска поради судир на интереси не учествуваше во гласањето за оваа жалба.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595